## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ЏЕЗ ПИЈАНО И МУЗИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-91/4 од 2 јули 2014 година донесена на седмата седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 2 јули 2014. година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната уметничка област *методика на настава по џез пијано и музичка технологија* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријави еден кандидатката - **м-р Анита Саздова**.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**М-р Анита Саздова** (моминско Накова) е родена во 1987 година во Штип. Нижо и средно музичко образование завршува во музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ во Штип. Студии од прв и втор циклус има завршено на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Се стекнува со квалификации: дипломиран пијанист, магистер по музички науки (методика на настава по пијано) и успешно ја завршува програмата Вовед во музичка технологија. Магистерската титула ја стекнува на УКИМ во 2013 година. Академскиот дострел на Саздова е оценет со средна оценка од 8,36 на студиите од прв циклус, а на магистерските просечната оценка е 9,00. Токму ваквите квалификации ја определуваат како идеален кандидат по објавениот Конкурс, односно кандидат со интереси и квалификации во дисциплините: изведувач, методика на настава по пијано и музичка технологија. М-р Анита Саздова одлично го познава англискиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

Диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика.

Анита Саздова има завршено соодветно високо образование од втор степен - музички науки, средна оценка 9,00, издадена од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).

М-р Саздова извела најмалку пет целовечерни концерти во изминативе пет години:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Анита Накова, солистички концерт | Безистен | Штип | 2012 |
| 2 | Анита Накова, солистички концерт | Дом на култура „Тошо Арсов“ | Виница | 2012 |
| 3 | Анита Накова, солистички концерт | Кочани град на културата 2012 | Кочани | 2012 |
| 4 | Анита Накова, солистички концерт | Хотел „Александар палас“ | Скопје | 2012 |
| 5 | Анита Накова, солистички концерт | Хотел „Александар палас“ | Скопје | 2013 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***
2010-2014
Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, Македонија
Факултет за музичка уметност, Штип
Стручен соработник-музичка теоретска педагогија - пијано
Студиска програма по предметите пијано 1, 2, 3 , 4, 5.

***Стручно- уметнички активности***
***Концертни настапи:***
2011 – Штипско културно лето
2012 - Безистен, Штип
Кочани град на културата
Хотел „Александар палас“, Скопје
Хотел „Александар палас“, Скопје
Дом на култура „Тошо Арсов“, Виница
2013 - Хотел „Александар Палас“, Скопје
Општина Стар Белград (заеднички концерт со Марија Гајиќ).

М-р Саздова поседува петгодишно академско – наставно искуство како соработник и ги исполнува критериумите како концертен изведувач.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Од 2013 година Анита Саздова ја извршува функцијата генерален секретар на Здружението на уметници „Македонска асоцијација за елктроакустична музика МЕМА” – Скопје.

***Претставување со научни трудови на конференции:***

2013 – „Новата сuита, како дел од македонскиот пијанистички опус“ – пијанистичка анализа на „Суита“ од Томислав Зогравски, Струшка музичка есен

Пијанистичка анализа на „Класична суита“ од композиторот Тома Прошев, Конференција за стручни предавања од областа на пијанистичката педагогија во организација на Здружението на педагози по пијано на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог.

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Анита Саздова ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање доцент по наставно-научната и уметничка област *методика на настава по џез пијано и музичка технологија* на Музичката академија наведени во Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатката, преку остварените досегашни активности покажа способности за извршување наставно-образовната функција, за стручно-уметничка активност (концертирање и објавување трудови) и за организационо-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и кандидатката м-р Анита Саздова да ја избере во насловно звање доцент за наставно – научните и уметнички области методика на настава по џез пијано и музичка технологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Татјана Џорлева, вонреден професор, член, с.р.**
**М-р Сашо Поповски, доцент, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **25.** | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | 20 | 1 | | | 20 |
| **26.** | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра од изборниот период) | 32 | 0,5 | | | 16 |
| **3.** | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | **44** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 8 | 3 | | | 24 |
| **7.** | Едно секциско предавање на научен собир и еден музички настап на официјален концерт | 1 | 2 | 1 | 4 | 6 |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **19.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фесивал | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | **36** | | | | |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 2 | | | **4** |
| **3.** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | **6** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **86** | | | | |